**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“
С к о п ј е

**ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

**НА ТЕМА:**

---

# *„Постконфликтниот уставен инженеринг и улогата на меѓународниот фактор во креирањето на т.н. октроирани устави: дилеми и проблеми“*

---

**Кандидат - подносител:** ***м-р Наташа Донева***

**Ментор:** ***проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова***

**Скопје**

**Декември, 2023 година**

**БЛАГОДАРНОСТ**

Голема благодарност ѝ изразувам на мојата менторка, професорката д-р Гордана Силјановска-Давкова, која континуирано ме советуваше, коригираше и насочуваше. Благодарение на нејзините забелешки и совети се здобив со подлабоки знаења за оваа, сè поактуелна проблематика.

Оваа докторска дисертација им ја посветувам на моите родители кои секогаш беа мојата најголема поддршка, исправени до мене низ сите мои падови и успеси.

Но,  пред сè, им ја посветувам на ќерка ми Надја, мојата најголема инспирација и на мојот сопруг кој неуморно ме следи и бодри.

Без споменативе, докторската дисертација немаше да се реализира.

## *ПОДАТОЦИ ЗА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА*

| ***Ментор*** | **проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова** |
|---|---|
| *Наслов* | „Постконфликтниот уставен инженеринг и улогата на меѓународниот фактор во креирањето на т.н. октроирани устави: дилеми и проблеми“ |
| *Научна област* | Право |
| *Научна дисциплина* | Уставно право |
| *Број на табели* | 5 |
| *Број на слики* | 23 |
| *Број на прилози* | 4 |
| *Вкупен број на страници* | 362 |
| *Вкупен број на зборови* | 82143 |
| | |

## Кратенки

БиХ – Босна и Херцеговина
СоЕ – Совет на Европа
ДМД – Дејтонски мировен договор
ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права
ЕСЧП – Европски суд за човекови права
ЕУ – Европска Унија
ФБиХ – Федерација Босна и Херцеговина
ЈНА – Југословенска Народна Армија
ХДЗ -Хрватска демократска заедница
НАТО – Организација на северноатлантски договор
ВП – Висок претставник
СМ – Совет за спроведување на мирот
ПДП – Партија за демократски прогрес
РС – Република Српска
ДСА – Договор за стабилизација и асоцијација

## List of Acronyms

BiH- Bosnia-Herzegovina
CoE- Council of Europe
DPA-Dayton Peace Agreement/Accords
ECHR- European Convention on Human Rights
ECtHR-European Court of Human Rights
EU- European Union
FBiH- The Federation of Bosnia and Herzegovina
YNA - Yugoslav National Arm
HDZ-Croatian Democratic Union
NATO- North Atlantic Treaty Organization
OHR- Office of the High Representative
PIC- Peace Implementation Council
PDP- Party for Democratic Progress
RS- Republika Srpska
SAA- Stabilization and Association Agreement

## Листа на слики:

**Слика бр. 1** – Растот на процесот на донесување на националните устави ------------------ 28

**Слика бр. 2 –** Југославија и нејзините држави членки -------------------------------------------44

**Слика бр. 3 –** Етничката поделба во БиХ пред и после војната--------------------------------- 48

**Слика бр. 4 –** Босна и Херцеговина по потпишувањето на Дејтонскиот договор----------- 49

**Слика бр. 5 –** Поделба на БиХ на десет кантони ------------------------------------------------50

**Слика бр. 6 –** Меѓународни фактори и нивниот удел во имплементација на Дејтонскиот договор- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -59

**Слика бр. 7 –** Картата на Европа: земји членки на ЕУ, земји кандидати за членство и земји потенцијални кандидати ----------------------------------------------------68

**Слика бр. 8 –** Моменталниот статус на државите од Западен Балкан во процесот на приклучување на ЕУ-----------------------------------------------------------------------70

**Слика бр. 9 –** Историски приказ за развојот на Кипар од 1900-2017 година----------------- 81

**Слика бр. 10 –** Демографска поделба според етничка основа---------------------------------- 82

**Слика бр. 11 –** Поделбата на Кипар и присуството на меѓународни актери ----------------- 88

**Слика бр. 12 –** Понудено решение за територијалното прашање------------------------------- 92

**Слика бр. 13 –** Вклученоста на човековите права и политичките институции во уставите- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -104

**Слика бр. 14 –** Мнозински наспроти консоцијациски модел --------------------------------- 130

**Слика бр. 15 –** Позитивните страни на мнозинскиот и консоцијацискиот модел---------- 130

**Слика бр.16 –** Приказ на можните одговори од референдумското прашање --------------- 144

**Слика бр. 17 –** ЕУ и статусот на Балканските држави ---------------------------------------- 173

**Слика бр. 18 –** Движењето на балканските држави кон ЕУ --------------------------------- 174

**Слика бр. 19 –** Пристапи за институционален дизајн во длабоко

поделени општества-------------------------------------------------------180

**Слика бр. 20** – Мисиите на ОН---------------------------------------------------197

**Слика бр. 21 –** Политичките мисии на Балканот (2010-2011) -------------------------------- 198

**Слика бр. 22 –** Приказ на резултатите од истражувањето: Во чија корист е ОРД?-------- 226

**Слика бр. 23 –** Приказ на резултатите од истражувањето: Во чија корист е ОРД?-------- 227

## ***Листа на табели:***

**Табела бр. 1 –** Поважните дати за односите помеѓу БиХ и ЕУ-------------------------------- 72

**Табела бр. 2** – Резултати од референдумот во 2004 година (Кипар)---------------------------94

**Табела бр. 3 –** Барањата на грчките и турските Кипрани наспроти компромисните

решенија-------------------------------------------------------------95

**Табела бр. 4** – Реализирани мисии на ЕУ-----------------------------------------154

**Табела бр.5** – Предности и недостатоци на *state building* и меѓународните интервенции189

## ***Листа на прикази:***

**Приказ бр. 1** – Операциите за ЕЗБП – БиХ-------------------------------------------------- 164

**Приказ бр. 2** – Операциите на ЕЗБП-Македонија--------------------------------------------- 171

**Приказ бр. 3** – Најчести солуции за постконфликтните држави------------------------------ 185

**Приказ бр. 4** – Операциите на НАТО во Македонија ------------------------------------------201

# С О Д Р Ж И Н А

**ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА**

(Преглед и образложение на достигнувањата на научната дисциплина поврзани со предметот на истражување)

**Цели, значење и очекуван НАУЧЕН придонес**

**(**Примена на резултатите од истражувањето )

**ПРЕДМЕТ, ТЕЗИ И РАБОТНИ ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**ПРВ ДЕЛ**

**ПРВА ГЛАВА**

**В о в е д**

1. **Односот на меѓународното и националното право ------------------------------------29**
2. **Наметнати или октроирани устави ------------------------------------------------------32**
3. **Концептот за *state building* при создавање на уставите и вештачката релација помеѓу *state builders* (странци) и *stake holders* (засегнати) низ призмата на изворот и носителот на суверенитетот---------------------------------------------------36**

## ВТОРА ГЛАВА

**Прв дел**

**1. Куса историја на Балканот ---------------------------------------------------------------------42**

**Втор дел**

**СТУДИЈА НА СЛУЧАИ (CASE STUDIES)**

***I Студија на случај (case study): Босна и Херцеговина***

**Дејтонскиот мировен договор како sui generis устав – пример на странски уставен инженеринг во Босна и Херцеговина**

**1. Феноменологија на Дејтонски мировен договор ----------------------------------------47**

**1.1 ЗА и ПРОТИВ Дејтонскиот договор------------------------------------------------ 53**

**1.2 Критики на Дејтонски договор -------------------------------------------------------55**

**1.3 Европски параметри за Дејтонски устав---------------------------------------------- 60**

**2. Меѓународни аспекти во уставното право -----------------------------------------------61**

**2.1 Идни потенцијални решенија за иднината на БиХ --------------------------------64**

**2.2 Опасност од т.н. *'payper'* прекројување на границите на Балканот --------- 66**

**3. Чекори ли БиХ кон ЕУ со „оригиналниот“ модел на политички систем --------68**

**3.1 Високиот претставник за БиХ -------------------------------------------------------73**

**Заклучок ---------------------------------------------------------------------------------------------76**

***II Студија на случај (case study): Кипар***

**Уставот на Република Кипар: Од повелба до поделба**

**1. Од меѓународен договор, преку консоцијација, до поделба – неуспехот на октроираниот Устав на Кипар ---------------------------------------------------------------- 79**

**1.1 Државна организација според Уставот на Кипар ----------------------------------83**

**1.2 13-те уставни амандмани -----------------------------------------------------------------86**

1.3 The „Annan Plan“ ---------- 89
2. Релацијата Кипар-ЕУ ---------- 99
2.1 Кипар и влезот во ЕУ ---------- 100
2.2 Мировните сили на ОН (UN Peacekeeping Force ) на Кипар ---------- 101

Заклучок ---------- 102

*III Примери за успешен уставен инженеринг*

- Уставот на Јапонија ---------- 103
- Основниот закон на Германија ---------- 105

ТРЕТА ГЛАВА

*Студија на случај (case study): Македонија*

**Македонскиот sui generis случај: Од либерален граѓански модел кон консоцијација и предграѓанско општество**

I Охридски рамковен договор

1. Охридски рамковен договор – мировен договор со уставни решенија ---------- 109
2. Консоцијална демократија ---------- 129
2.1 Предности и недостатоци на консоцијалната демократија ---------- 132
3. РС Македонија на патот кон ЕУ ---------- 134
3.1 Промена на уставното име, лошите соседски односи – проблем за влез во ЕУ? ---------- 135

II Пржинскиот договор ---------- 138

III Преспанскиот договор ---------- 140

Заклучок ---------- 148

ЧЕТВРТА ГЛАВА

I Влијанието на ЕУ во процесот на уставниот инженеринг во постконфликтните држави на Балканот (осврт на СР Македонија и БиХ)

1. Операциите и мисиите на ЕУ ---------- 157

2. **ЕУ и балканската политика------------------------------------------------------------ 154**
3. **Политиките на ЕУ за помош на Балканот ------------------------------------------- 157**
**3.1 Процесот на стабилизација и асоцијација (SAP) -------------------------------158**
**3.2 Спогодбата за стабилизација и асоцијација (SAA)------------------------------ 159**
**3.3 Пактот за стабилност за Југоисточна Европа ---------------------------------- 159**
**3.4 Помош на заедницата за реконструкција, развој и стабилизација (CARDS) 159**
**3.5 Инструментот за претпристапна помош (IPA) ------------------------------------160**
**3.6 Европската соседска политика (ENP) -------------------------------------------- 160**

4. **ЕУ и БиХ**
**4.1 Улогата на ЕУ при креирањето на Дејтонскиот договор ---------------------161**
**- Полициската мисија на ЕУ-------------------------------------------------------- 161**
**-Силите на ЕУ во БиХ: Althea-------------------------------------------------------- 162**

**5. Улогата на ЕУ во Македонија**

**5.1 Хронолошки приказ на релацијата ЕУ- СР Македонија--------------------- 165**

**5.2 Улогата на ЕУ при креација на ОРД-------------------------------------------- 169**

**-Concordia---------------------------------------------------------------------------- 169**

**6. Резултати од интервенциите на ЕУ – (не)научени лекции -----------------------------171**

**6.1 Дали потфрли ЕУ ---------------------------------------------------------------------176**

**7. Надворешната политика на ЕУ – најчесто понудени уставни решенија------------- 177**

**8. Народниот отпор на меѓународното влијание -------------------------------------------- 189**

## ПЕТТА ГЛАВА

**I Улогата на меѓународниот фактор во рамките за Западен Балкан**

1. **Зошто на ЕУ и требаше дополнителна помош? ------------------------------------ 192**
**1.1 Соработката на ЕУ со НАТО и ОН----------------------------------------------193**

**II Улогата на ОН**


1. **Улогата и (р)еволуцијата на ОН во т.н. *peacebuilding*------------------------------ 194**

   **1.1 UNPROFOR---------------------------------------------------------------------------------- 195**

   **1.2 UNMIBH ---------------------------------------------------------------------------------- 196**

   **1.3 IPTF ------------------------------------------------------------------------------------------- 196**

2. **Причини за (не)успехот на меѓународните мисии ---------------------------------- 199**


**III Улогата на НАТО**


1. **Мисиите на НАТО во Македонија ------------------------------------------------- 201**

   **-Operation Essential Harvest------------------------------------------------------------- 202**

   **- Operation Amber Fox------------------------------------------------------------------- 202**

   **-Operation Alied Harmony ----------------------------------------------------------------203**

2. **Мисиите на НАТО во БиХ**

   **-Operation Deny Flight -------------------------------------------------------------------- 205**

   **-Operation Deliberate Force--------------------------------------------------------------- 205**


**ШЕСТА ГЛАВА**

**I Анализа на одговорите од прашалниците**


1. **Просперитетот на државите со наметнат устав -------------------------------------207**

**II Прашалник: ставовите на граѓаните во врска со Охридски рамковен договор --- 217**

**ЗАКЛУЧОК ------------------------------------------------------------------------------------ 229**

**БИБЛИОГРАФИЈА-------------------------------------------------------------------------235**

**ПРИЛОГ БР.1 Уставот на БиХ---------------------------------------------------------------- 314**

**ПРИЛОГ БР.2 Охридски рамковен договор------------------------------------------------- 329**

**ПРИЛОГ БР.3 Уставни амандмани на македонскиот устав (2001)----------------------343**

**ПРИЛОГ БР.4 Интервју за докторска дисертација ----------------------------------------351**

„Уставите, денес се сметаат како инструменти за морализирање на јавната власт, што значи дека тие опишуваат идеален општествен живот со воспоставување на основните принципи на државниот правен и политички поредок...“

**Луис Параделс Труис**

## ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА

(ПРЕГЛЕД И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ДОСТИГНУВАЊАТА НА НАУЧНАТА ДИСЦИПЛИНА ПОВРЗАНИ СО ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ)

Во ерата на глобализација, неспорна е поврзаноста на меѓународното и внатрешното право, како и нивното меѓусебно влијание. Впрочем, нема устав што не се повикува на меѓународното право, не само во преамбулата, туку и во нормативниот текст. Сведоци сме на континуирана миграција на уставните норми, како и на промена на поимањето на суверенитетот, којшто е далеку од неограничен.

Во морето меѓународно-национални взаемни односи, јас ќе се фокусирам на примерите на меѓународно влијание при креирањето и/или промената на националните устави, со посебен осврт и акцент на т.н. октроирани устави, чиј главен творец се странски актери.

Една од причините поради кои се одлучив да пишувам на оваа тема е т.н. „уставен инженеринг“. Синтагмата „уставно инженерство“, како поим звучи нејасно, односно амбивалентно. Овој нов термин се однесува на процесот на креирање, односно на создавање или менување на уставот, најчесто во постконфликтни услови, повеќе како механизам за стабилност и мир, во функција на стабилитократијата, одошто како темел и гарант за демократија и правна држава.

Наспроти државите со импозантен уставоправен континуитет од еден или повеќе од два века, постојат малубројни примери на држави без (по)долг уставоправен континуум, или со уставоправен дисконтинуитет, со чести и нестандардни промени, од кои некои, крајно невообичаени, па и непознати во компаративното уставно право. Затоа, неминовно се поставуваат низа прашања, како: „Која е „тајната“ причина за (не)успехот на еден устав?“; „Кои се решенијата што гарантираат долг и стабилен живот на еден устав, правејќи го цврст?“; „Како е можно формално-правно цврстиот устав да стане мек во реалноста?“; „Кои се причините за фрагилноста, оспорuваноста и нестабилноста на некои устави?“

Се чини дека на овие и на други прашања, нема ниту единствен, ниту прецизен научен одговор, а да не зборуваме за политичките одговори.

Креирањето на највисокиот правен акт во една држава бара мултидисциплинарен пристап, широк, речиси консензуален политички ангажман и договор, како и активно учество на научната, стручна и поширока јавност.

Се разбира, мирнодопските услови се далеку поповолен општествен амбиент за донесување или промена на уставот од кризните. Тие овозможуваат отвореност кон експертските мислења, критики и забелешки, дебата за добрите и лошите страни на предлозите, примена на добрите компаративни решенија, вградување механизми за превенција, или „санирање“ на евентуалните недостатоци и/или менаџирање на потенцијалните општествени закани. Едноставно, во мирна општествена атмосфера, можна е анализа и сецирање на секоја уставна одредба, антиципација на последиците и имплементацијата. Се овозможува објективна и критичка проценка на очекуваните резултати и закани, со една цел - да се креира стабилен и функционален уставен поредок и систем. Како што наведува и Jon Elster, *„за да се напише устав што ќе се спроведува во иднина и реално во пракса, потребни се максимално мирни и непречени околности“*[1].

Во парламентарната постапка за донесување, или за измена на уставот, без оглед дали се одвива во рамките на уставотворно или редовно собрание, мора да се користи рационалното и независно аргументирање, како неопходно за квалитетни уставоправни решенија. Впрочем, уставотворците пред себе имаат задача и работа од висок приоритет – да донесат устав што ќе се применува од наредните генерации.

Утопија е да се верува во т.н. идеален устав, иако во уставоправната историја имало тврдења дека некои устави, иако биле далеку од тоа, се перфектни. Сепак, стремежот да се креира добар устав, устав што се смета и почитува како lex superior и широка општествена повелба, е не само доволна мотивација, туку и реална и остварлива идеја, врзана за уставниот патриотизам. Прашање е колку таа е применлива во време на кризни општествени ситуации, посебно во постконфликтните состојби и амбиент на имплицитни, па и експлицитни меѓународни влијанија. Всушност, наметнувањето решенија при создавањето или

[1] Jon Elster ; Forces and mechanisms in the constitution-making process; 45 Duke L.J.364,1995.

менувањето на националните устави, не мора секогаш да доаѓа однадвор, туку може да дојде и одвнатре, од вонинституционални и неформални актери, како и од формални актери, од позиција на моќ. Тука се раѓа дилемата: дали секоја интервенција и мешање во уставоправниот процес има лоши консеквенции или пак може да даде и добри резултати, во смисла на реални решенија и реален устав, наместо идеализиран, па дури и фиктивен.

За да дадеме соодветен одговор на поставените прашања, ќе се послужиме не само со уставоправна и политиколошка анализа, туку и со студија на случаи. Ќе посегнеме по конкретна анализа на одредени постари, но и понови уставоправни примери и ситуации на инволвирање на меѓународниот фактор во креирањето на уставите на некои држави, како: Основниот закон на Сојузна Република Германија од 1949 година, Уставот на Кипар од 1960-тите и Извештајот на Гало Плаца, Дејтонскиот мировен договор на БиХ, Охридскиот рамковен договор и амандманите од 2001 година на Уставот на Р. Македонија од 1991.

Се разбира, историјата, но и сегашноста познаваат и други случаи на уставен инженеринг, креиран и диктиран однадвор, како во: Западна Германија, Јапонија, Либан, Нигерија, Авганистан, Ирак, Косово...

Она што е чудно е дека во сите нив препознаваме слични или исти уставоправни решенија за сосема различен општествен амбиент, што говори за механички пристап на исти актери како творци, односно (ко)автори на најважниот државноправен акт, а згора, различни од уставните стандарди на кои самите се повикуваат во сопствените држави. Да не говориме за ексклузивната, нетранспарентна постапка во која се носат, по нивна мерка и диктат.

Дисертацијата ќе почне со кратка ретроспектива на дел од најчестите „грешки“ при креирање на еден устав, како увертира што ќе нè води низ „(не)вообичаените“ пракси при креирање уставни решенија, во потрага по сознанија и уставоправни лекции за тоа, со укажување на она на што треба да се внимава при изработката на основниот, највисокиот државен правен акт во ера на продукција на нови устави, по т.н. „трет бран на

демократијата“ (Хантингтон[2]), или во рамките на т.н. посткомунистичка „уставна револуција“ (Васовиќ[3]).

Легалните и легитимни уставотворци се соочуваат со многу проблеми при креирањето на уставите, како на пример: импланти, односно октроирани уставни решенија, произлезени од политички договори меѓу внатрешни политички актери, склучени со меѓународни посредници во улога на „медијатори“/ фасцилитатори, а всушност политички креатори на нив.

Веќе наспоменав дека се работи за наметнување слични уставоправни решенија во различни општествени амбиенти. Се разбира, кога една држава го создава основниот и највисокиот правен акт, во духот на „we, the people“, се раководи од историските и општествени услови, односно од социополитичките, културните и економските претпоставки, водејќи сметка за стандардните демократски решенија во конституционалистичката традиција и развојот на уставното право. Т.н. транзиција на уставоправни одредби односно “позајмувањето ” туѓи одредби е меч со две острици, бидејќи може да значи неопходно инкорпорирање на нужни уставоправни механизми, како оние за проширување на човековите права или оние во битката со новите општествени феномени и закани, како тероризмот, но и опасност од наметнување sui generis решенија, во функција на стабилноста, со кои, демократијата се жртвува за мирот, а политичкиот систем станува неспоредлив, „оригинален“, нефункционален и парализиран, димензиониран по мерка на различни групи и колективитети, наместо на граѓанинот како индивидуа.

Прегледот на уставите на европските држави открива донесување или замена на старите со нови, или измена и иновирање на постојните.

Причините за обемната „продукција“ на устави во последните неколку декади се различни. Имено, крајот на колонијализмот и создавањето независни држави, крајот на комунизмот и транзицијата кон либерална демократија и консолидацијата на неа, како и појавата на нови независни држави, изнедредени од дисолуцијата на мултиетничките федерации низ етнички

[2] Samuel P. Huntington; The Third Wave: Democratization in the Late 20th Century (Volume 4); March 15, 1993.
[3] Vučina Vasović; Savremene demokratije; Službeni glasnik.

конфликти, наметна потреба од уставно (ре)афирмирање на некои од основните демократски вредности како: слободите и првата на човекот и граѓанинот, поделбата на власта, повеќепартискиот систем, пазарната економија, почитување на нормите на меѓународното право, заштита на човековата средина, вклучувајќи ги правата на животните и билките, локалната самоуправа, афирмација и посебна заштита на детските права, стеснување на границата меѓу меѓународното и националното право, пренесување на дел од националниот суверенитет на регионални и меѓународни органи и организации и политички системи sui generis, како оној на ЕУ и уставно афирмирање и гарантирање на предноста на acquis communautaire пред националните закони.

Според Jon Elster[4], може да се диференцираат седум етапи/периоди на донесување на нови устави, почнувајќи од крајот на осумнаесеттиот век, па до пред една деценија.

**I-**та етапа: 1780-1791 година – донесени се пишаните уставите на САД, Полска, Франција.

**II-** та етапа**:** револуцијата од 1848 во Европа, кога голем број држави ги променија уставите.

**III-** та етапа: по Првата светска војна, кога Полска и Чехословачка донесоа нови устави, а Германија го донесе познатиот Вајмарски устав.

**IV-** та етапа: по Втората светска војна, кога поразените Германија, Италија и Јапонија донесоа нови устави под влијание на победничките сили.

**V-** та етапа: со крајот на англиските и француските колонии (процес кој заврши дури во шеесеттите години).

**VI-** та етапа: во седумдесеттите години во Јужна Европа со паѓањето на диктатурите, кога Португалија, Грција, Шпанија усвоија нови устави.

**VII-** та етапа, по распадот на комунизмот, кога повеќето држави од Источна и Средна Европа усвоија нови устави.

Во дисертацијата ќе го анализирам влијанието на меѓународното право и меѓународната политика врз националното уставно право. Во рамките на темата за уставниот инженеринг, ќе се обидам да одгатнам зошто во државите на европска почва, (во

---

[4] Elster J; Forces and Mechanisms in the Constitution-Making Process; https://scholarship.law.duke.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=3297&context=dlj

кои, со надворешна воена интервенција се стави крај на етничките конфликти), во процесот на т.н. *state building*, се посегна по креирање нови устави или измена на постојните. Некои од овие држави (во кои се донесоа нови устави) сѐ уште, не само што не се дел, туку се далеку од „големото европско семејство“.

За потребите на оваа докторска дисертација, реализирав **интервју** со професори, експерти од засегнатата проблематика, со цел да добијам појасна слика за ставовите на научната јавност за прашањата што се анализираат во дисертацијата. Исто така, доставив онлајн **прашалници** до професори од странски универзитети. Спроведов **анкета** на група граѓани со репрезентативен примерок.

По наведените техники посегнав за да ја согледам и презентирам „ситуацијата на терен“, низ призма на ставовите на граѓанинот, засегнат од општествено-политичката ситуација во неговата држава. Но истовремено, овие техники, преку укажувањата на експертската фела, овозможуваат да се увиди оправданоста, легитимноста и каузалитетот на уставно инженерските зафати.

Интервјуто се дефинира како постапка на поставување на прашања на целната група на учесници кои ќе бидат од интерес за темата на истражувањето. Интервјуата врз база на начинот на спроведување се класифицираат на:[5]

• интервју – лице во лице

• телефонско интервју

• онлајн интервју (Skype).

**Во дисертацијата се користеа лице во лице и онлајн интервјуа**.

Прашалникот пак е збир на прашања што им се поставуваат на испитаниците. **Во нашиот случај прашалникот е од отворен тип, каде што испитаниците можат да го изнесат своето мислење.**

[5] Богдановска А; Основи на истражувачки методи за академски цели; Центар за управување со знаење, 2019.

## IV

## ЦЕЛИ, ЗНАЧЕЊЕ И ОЧЕКУВАН НАУЧЕН ПРИДОНЕС

(ПРИМЕНА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО )

Преку дисертацијата, ќе се обидам да дадам научен придонес во разјаснувањето на креирањето и измената на уставите, преку уставен инженеринг. Всушност, овде лежи и основната **цел** која сакам да ја постигнам: да ги проширам и продлабочам научните, теоретските и истражувачките сознанија за креирањето на уставите во државите со постконфликтна реалност/позадина, во амбиент на нестабилни општествени констелации, долга транзиција, недовршена демократска консолидација и европеизација, предолго и неизвесно чекање пред Бриселските порти, проблеми со владеењето на правото, директно или индиректно поврзани со моделот на организација на власта и октроираните sui generis решенија.

Систематизирајќи ги основните научни податоци од различен карактер: историски, правни, политички, економски, ќе се обидам критички да го анализирам севкупниот процес на создавање на овие устави, а згора на тоа, што е многу важно, да го доловам влијанието на уставниот инженеринг, конципиран и реализиран низ нивните уставни решенија, како и неговите ефекти, односно последици врз демократскиот капацитет на државата и нејзината (не)компатибилност со стандардите на државите членки на ЕУ, како и со оние на политичкиот систем на ЕУ.

Дефицитарните податоци и/или неможноста за вистински увид во широчината и длабочината на странскиот ангажман во уставоправниот процес на многу држави и сведувањето на „оправдувањата“ на нужната потреба од надворешни влијанија (бидејќи постконфликтните држави не се спремни сами да се соочат со предизвикот на креирање стабилен устав) , ќе послужат како основа за формирање на истражување, кое во текот на комплетирањето на сликата за октроираните устави ќе биде доразвиено и дообјаснето.

Во што е **значењето** и **придонесот** на овој труд? Увидот во странската и домашната литература ни открива дека прашањето за октроираните устави не е многу разработувано. Сметаме дека една докторска дисертација посветена на овој старо нов феномен, особено

актуелен за македонските (не)прилики е важен одговор на многу неодговорени научни прашања. Таа е обид. Тука е предизвикот за авторката за нов научен придонес. Верувам дека оваа дисертација ќе придонесе за детална, темелна и сеопфатна слика, прво, за значењето на уставот како највисок правен акт во државата, но и најширок, базичен општествен договор, како израз на волјата на народот (we, the people/ние народот), како и легитимноста/легалноста за темелна, суштинска и детална разработка на низа неодговорени прашања. Факт е дека странското политичко влијание во процесот на постконфликтен македонски уставен инженеринг, врз основа на Охридскиот рамковен договор веќе било предмет на научна анализа на македонската уставоправна и политиколошка мисла[6789] Ова важи и за ефектите од имплицитното странско интервенирање/вмешување во креирањето/менувањето на уставите, како и повеќекратните консеквенции од тоа.

Движејќи се на линијата: теоретско, компаративно и домашно с(п)ознание, историско искуство, анализа на состојби и податоци за определени примери/случаи, меѓу кои и македонскиот, се обидов да се нурнам и да ве нурнам во длабочините на овој важен уставоправен феномен на кој, во нашиот научен и образовен амбиент не му било посветено должно, директно, монографско и темелно внимание, туку само посредно и попатно е анализиран.

Ќе се обидам трудов да фрли нова светлина на феноменот на уставниот инженеринг. Да се зафатиш со расветлување/доосветлување на прашањето на октроираните устави е голем предизвик за мене. Дали тие се израз на **„ние народот“** или пак и на **„тие/ меѓународната заедница“, се прашувам?** Ова прашање е директно поврзано и за

[6] Види повеќе на: Маролов, Стојановски; Охридскиот рамковен договор наспроти Тирана Платформа; https://eprints.ugd.edu.mk/18477/2/Ohrid%20vs%20Tirana%203.pdf
[7] Vankovska B; Constitutional Engineering and Institution Building in the Republic of Macedonia (1991-2011); Civic and Uncivic Values in Macedonia, Value Transformation, Education and Media;
Vankovska B; The Procrustean Bed of The State Building in the Republic of Macedonia (1991-2011); The Macedonian Question: 20 Years of Political Struggle into European Integration Structures; Libertas, 2012.
Vankovska B; Constitutions Octroyées and International State-Building: The Macedonian Case in Focus; Research Gate; DOI:10.13140/RG.2.2.12136.55049.
[8] Pardew J; Peacemakers-American Leadership and the End of Genocide in the Balkans; University Press of Kentucky; 2018.
[9] Siljanovska-Davkova, G; Globalisation, Democracy and Constitutional Engineering as Mechanism For Resolving Ethnic Conflict; VII th World Congress of the International Association of the Constitutional Law; Athens, 2007.
Siljanovska-Davkova G; Democracy in Multiethnic and Multicultural Society- Between Demos and Ethnos in Macedonia on Globalization, ed N.Nikolovska, New York, 2004, Global Scolarly Publications, pp. 179-223.

прашањето: од кого извира суверенитетот – од народот како демос, или од различните колективитети (расни, верски, јазични), или пак од меѓународната заедница?

Вистинската вредност дисертацијата ќе ја добие кога, потпрени на теоретското предзнаење ќе одговориме на прашањето: кој го има(л) и кој треба да го има првиот и последниот збор во конституирањето на законот над законите, уставот како lex superior, во секоја држава? Дали ова важи и за државите што се соочиле со конфликт? Кој ја гради државата, односно кои се founding fathers and mothers (татковци и мајки основач(и), односно *state builders* (градители/„мајстори“ на државата)? Зошто во морето устави, чии доносители се повикуваат на народот/граѓаните, има и неколку што се повикуваат на меѓународни договори, како: кипарскиот, дејтонскиот или охридскиот?

Фундаменталното прашање е: дали уставите секогаш и секаде се израз на народната волја или биле и ќе бидат и инструмент донесен под внатрешен и/или надворешен притисок, како и какви се резултатите од второв случај?

Доколку се докаже втората опција и ако се покаже дека нејзината апликација има повеќе негативни одошто позитивни ефекти, тогаш, ќе предложиме решенија што би можеле во иднина да се применат со цел да се обезбеди мир и стабилност од една страна, но и демократија, од друга.

Темата е вистински предизвик за осознавање на државите кои имаат постконфликтни трауми и дополнителни проблеми со „застанување на свои нозе“, како и конституирање на сопствен, скроен според европските уставни стандарди, устав. Сознанијата што ќе ги добиеме, верувам дека ќе придонесат за збогатување на националната уставна, но и на меѓународната уставоправна мисла, со оглед на дефицитот на сеопфатни истражувања на уставниот инженеринг и неговите ефекти.

Во дисертацијата ќе бидат опфатени и т.н. мировни операции. Елаборирајќи го нивниот удел во финалниот исход во државите, ќе се обидеме да дојдеме до заклучок, каков беше нивниот „фасцилитаторски момент“ во процесот на т.н. *state building* во постконфликтните општества. Ќе се обидеме да ја потврдиме хипотезата дека државата и демократијата се градат одвнатре, а не однадвор.

## V
## ПРЕДМЕТ, ТЕЗИ И РАБОТНИ ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тргнувајќи од предметот, истражувањето ќе има за цел да ја докаже основната **теза** дека влијанието на странските фактори при креирањето и измената на уставите, кога посега по наметнати, непознати и нестандардни решенија, продуцира неефикасни уставни системи во регулирањето на основните општествени процеси.

Акцентот ќе биде ставен на искуствата од надворешните интервенции во уставната сфера на националните држави.

Поточно, овој реален и зачестен проблем ќе се обидеме да го разгледаме и анализираме и на примерот на Република Македонија, на примерот на уставните измени, на барање однадвор, од 1992 година, преку Охридскиот рамковен договор до Преспанскиот договор... а, можеби и некој друг...

Оваа анализа ќе има за цел да покаже и докаже дека проблемот реално постои, иако за него не се говори во јавноста, па дури ни во науката.

Особен предизвик ќе биде истражувањето на причините за надворешното влијание врз креирањето или менувањето на уставите, најчесто на помалите држави.

Исто така, предмет на анализа ќе бидат и причините поради кои, самите држави дозволуваат странците да бидат „*state builders*“, а граѓаните да станат „state holders“ (Chandler[10]), преку моделирањето и гарантирањето.

Слично на Абрахам Линколн и јас верувам дека уставот треба да се крои по мерка на народот, да е за народот и да е израз на неговата волја. Затоа следи дилемата (на која ќе се обидеме да дадеме одговор), зошто се прифаќаат решенијата кои што се мешање во внатрешниот уставен поредок, што е забрането со Повелбата на ОН[11] како ius cogens правило, чие почитување е темелна вредност на македонскиот уставен поредок? Зошто се прифаќаат странски „решенија“ за домашни прашања, во духот на Тукидитовата максима дека: силните го прават тоа што можат, а слабите, тоа што мораат[12]?

---

[10] D, Chandler; Empire in Denial: The Politics of State-Building; Pluto Press.
[11] Повелбата на ОН; Достапна на: https://www.un.org/en/about-us/un-charter/full-text .
[12] Thucydides- Melian Dialogue; Достапно на: https://www.greatbooks.org/wp-content/uploads/2014/07/literaturesampleunit.pdf .

Всушност овој уставен феномен (ако може така да го етикетираме) постоел и во минатото, односно не е само современа, денешна креација. Но, германскиот Основен закон опстана до денес заради добрите стандардни демократски решенија, додека Кипарскиот устав доведе до парализа на процесот на одлучување, па и до поделба, заради непознатите, нестандардни решенија.

## Цели на истражувачката работа

Една од главните цели на оваа докторска дисертација е да даде одговор на неколку прашања, меѓу кои:

- Дали уставот како највисок правен акт во државата и најважен општествен договор, може да биде креација на надворешни актери и фактори во духот на: we the people and the international community?
- Дали еден мировен договор или договор за прекин на конфликтот, односно воените активности, може, истовремено да биде и устав?
- Дали уставот може да се менува кога е загрозен територијалниот интегритет на една држава?
- Ако моделот на консоцијална демократија научно се третира како привремено решение од нужда, по кое се посега во краен случај на реална опасност од поделба на општеството, зошто етнократијата, која не може да се перципира и третира како модел на демократија, а се конституционализираше во БиХ и Р. Македонија?
- Зошто се промовираат и подржуваат sui generis модели на политички систем, наместо стандардни европски модели на демократија?
- Како може да се објасни мешањето (интервенцијата) во внатрешните работи на суверените држави, иако принципот на немешање е еден од основните принципи на меѓународното право?
- Кои се причините за надворешните интервенции во националните прашања?
- Дали во државите со (пост)конфликтна позадина е потребен *„state building“*?
- Дали надворешните инфилтрирања имаат правен основ?
- Дали наметнатите устави можат да се имплементираат во пракса и дали одговараат на реалните потреби на општеството?

- Кои се предизвиците што произлегуваат од инволвирањето на надворешните актери?
- Какви се резултатите од „проектот октроирани устави“?
- Дали е потребно (ре)дизајнирање на донесените/наметнати импланти?
- Како да се лимитираат надворешните интервенции во националната надлежност?

Основната **хипотеза** се однесува на влијанието на странските фактори при креирањето и измената на уставите, преку имплантирање непознати и нестандардни уставни решенија, чија имплементација доведува до нефункционален и неефикасен уставен поредок, до паралелни етнички, религиозни и социјални светови, до опасност од дезинтеграција во името на интеграцијата.

**Помошната хипотеза** во тој контекст е насочена кон самите држави, чии носители на власт прифаќаат и одобруваат странци да станат „*state builders*“, а граѓаните да се трансформираат од носители на суверенитетот во „засегнати страни / state holders“? Првите креираат, но не одговараат, а вториве прифаќаат наметнати решенија, небаре „свои“.

Овде можат да се детектираат неколку проблеми, кои можеме да ги формулираме на следниот начин:

- Дали меѓународните актери (како ЕУ, НАТО, САД, ОБСЕ и западните држави поединечно), придонесоа за мир и стабилност во (пост) конфликтни држави и дали нивните методи и пристапи беа (или се) соодветни од временска дистанца и (не)очекувани резултати?

За да можам да направам сеопфатна анализа на оваа актуелна и важна уставна проблематика, за потребите на докторската дисертација, насловена како: **„Постконфликтниот уставен инженеринг и улогата на меѓународниот фактор во креирањето на т.н. октроирани устави: дилеми и проблеми“,** во истражувачкиот дел се фокусирав на case studies (кои се елаборирани во посебна глава во дисертацијата).

Во рамките на фокус групата пак, реализирани се интервјуа со професори, експерти и добри познавачи на оваа област и проблематика. Се разбира, сопствените ставови за овој горлив уставен проблем ќе најдат заслужено и неизбежно место во дисертацијата.

Со оглед на фактот дека дисертацијата е пишувана во време на пандемијата, предизвикана од КОВИД-19, лимитирачки околности постоеја во поглед на патувањето, отворањето на границите, карантинот и останатите мерките на претпазливост. Бев лимитирана во патувањето, заради опасноста од инфекција, заострената контролата на границите и зголемените мерки на претпазливост. Поради тоа, дел од интервјуата се спроведени онлајн, преку апликациите Microsoft teams и Zoom. Во продолжение на дисертацијата, во делот на прилозите, можат да се најдат прашалниците, анкетите и одговорите од интервјуата.

Уставите се производ на тежок конфликт во општеството.

Constitutions are the product of severe conflict in society.

Preuss; Perspective on Post-Conflict Constituonalism: Reflections on Regime Change Through External Constitutionalization.

Constitutions can be regarded as a casefire agreement or a peace treaty between social forces strugguling for power in a polity.

Constitutions come into being after a revolution or war, but in either case the people are deeply involved.

Preuss; Perspective on Post-Conflict Constituonalism: Reflections on Regime Change Through External Constitutionalization.

Уставите можат да се сметаат како договор за прекин на огнот или за мировен договор меѓу општествените сили кои се борат за власт во една политика.

Уставите настануваат по револуција или војна, но во секој случај народот е длабоко вклучен.

Constitution - the basic principles and laws of a nation, state, or social group that determine the powers and duties of the government and guarantee certain rights to the people in it.

https://www.merriam-webster.com/dictionary/constitution

Устав - основните принципи и закони на една нација, држава или општествена група кои ги одредуваат овластувањата и должностите на владата и гарантираат одредени права на луѓето во неа.

A constitution is an aggregate of fundamental principles or established precedents that constitute the legal basis of a polity, organisation or other type of entity and commonly determine how that entity is to be governed.

The New Oxford American Dictionary

Уставот е збир на фундаментални принципи или воспоставени преседани кои ја сочинуваат правната основа на една политика, организација или друг вид ентитет и вообичаено одредуваат како тој ентитет треба да се управува.

Constitutions are symbols of a new political beginning after the past order has been brought to an end in a more or less violent and abrupt manner.

Preuss; Perspective on Post-Conflict Constituonalism: Reflections on Regime Change Through External Constitutionalization.

Уставите се симболи на нов политички почеток откако минатиот поредок беше доведен до крај на повеќе или помалку насилен и нагол начин.